А. **Секторот за правни, административни, општи работи и јавни дејности** подготвува акти за Советот и Градоначалникот, ги подготвува седниците на Советот и седниците на неговите работни тела, врши стручни работи за Советот и Градоначалникот, ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на РМ, ја следи состојбата во јавните дејности и дава предлози и мислења за унапредување на состојбите во истите, ја организира работата во образованието, соработува со урбаните и месните заедници од општината, организира непосреден контакт на граѓаните со органите на општината, се грижи за информирање на граѓаните за работите од надлежност на општината, дава информатичка поддршка за општинската администрација, врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот на општината.

**А1. Одделението за правни и општи работи,** ги врши работите што се однесуваат на: изготвување на одлуки и други општи и поединечни акти од надлежност на Советот и Градоначалникот, дава мислења на актите од аспект на нивната законитост, ги следи прописите и нивните измени и дополнувања, врши стручни и организациони работи за Советот и градоначалникот, ракува со документите на општината, врши одржување и унапредување на информатичко-комуникациските системи на општината, го изготвува службеното гласило на општината, работи и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**А2. Одделението за административна поддршка на Градоначалникот** ги следи Законите и другите прописи од надлежност на општината, а посебно од надлежност на Градоначалникот, го планира и организира работниот протокол на Градоначалникот и се грижи за негово извршување, изготвува известувања за јавноста за работи од надлежност на Градоначалникот, врши и други работи доверени од Градоначалникот.

**А3. Одделението за услуги на граѓаните и месна самоуправа** врши непосреден контакт со граѓаните и облиците на месната самоуправа; дава усни правни совети на граѓаните и им помага и укажува на начинот на остварување на нивните права; дава информации на граѓаните за областите за кои е надлежна општината; го мери задоволството на граѓаните од работата на општинската администрација; врши и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**А4. Одделението за образование** го организира воспитно - образовниот процес во општината, притоа спроведувајќи ги општинските образовни политики, изготвува анализи и препораки во врска со организацијата на училишниот систем во општината, соработува со училишното раководство и го поддржува реализирањето на дневните активности и функционирањето на воспитно - образовниот процес, врши оценки и анализи на тековната поставеност на училишната мрежа и дава препораки за нејзина оптимизација, врши активности во насока на запишување на децата на училишна возраст во задолжително основно образование, дава информации на граѓаните за најразлични прашања од областа на образованието, врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот на општината

или Градоначалникот, а се во врска со образованието.

**А5. Одделението за јавни дејности** ги следи, проучува и применува законите, прописите и општите акти кои се однесуваат на здравствената и социјалната заштита, заштитата на децата, културата, спортот, цивилната и противпожарната заштита и врши работи од овие области, за кои со закон е надлежна општината.

Член 7

**Б. Секторот за финансии и буџет** ги врши работите што се однесуваат на утврдување, наплата и евиденција на даноците, таксите и надоместоците што се приходи на општината; подготвување и извршување на буџетот на општината; изготвување на завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето; евиденција на имотот на општинта; извештаи за состојбите на сметките на општината; работи од материјално финансиските работи; водење на сметководството; финансиско сметководствени работи за облиците на месната самоуправа; други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Б1. Одделението за буџет и сметководство** го подготвува буџетот и завршната сметка како и други акти од областа на финансирањето; го реализира извршувањето на буџетот на општината; води евиденција на имотот на општината; поднесува извешати за состојбите на сметките на општината; врши материјално-финасиски работи; го води сметководството на општината; врши финансиско сметководствени работи за облиците на месната самоуправа; како и други работи што ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**Б2. Одделението за администрирање на приходите** ги врши работите кои се однесуваат на: планирање и утврдување на приходите; евиденција на наплата -собирање на локалните даноци, такси и надоместоци на општината утврдени со Закон; дел од приходите од персонален данок од доход и други даноци утврдени со Закон; идентификација и регистрација на имотот на даночните обврзници; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 8

**В. Секторот за урбанизам и комунални работи** извршува работи кои се однесуваат на урбанистичкото планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со Закон, уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште; обезбедување услови за снабдување со вода за пиење; одведување на отпадните и атмосферските води; организирање на јавниот локален превоз; локалните улици и патишта; сообраќајот и сообраќајната сигнализација; создавање услови за поставување на неопходната инфраструктура во едно населенмо место; и други работи кои ќе бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

**В1. Одделението за урбанизам** ги врши следните работи: урбанистичко (урбано и рурално) планирање; учествува во постапката за изработка, донесување, изменување и дополнување на Генерален урбанистички план, детален урбанистички план, општ акт за условите за градба на објекти во населено место, урбанистички проекти и друга урбанистичка документација; покренува иницијатива за изработка, дополнување и изменување на урбанистичките планови; ја следи реализацијата на урбанистичките планови; изготвува програми за урбанистичко планирање и уредувањето на градежното земјиште; издава одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со закон; се грижи за уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**В2. Одделение за комунални работи** ги врши работите што се однесуваат на: снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и прочистување на отпадните води; јавното осветлување; одведување и третман на атмосферските води; уредување и организирање на јавниот локален превоз; обезбедување на услови за снабдување со природен гас и топлинска енергија; изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќај; изградба и одржување на уличната сообраќајна сигнализација; изградба и одржување на јавниот простор за паркирање; изготвување на програма за регулација, одржување и користење на речните корита во урбаните делови; води евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и Градоначалникот.

Член 9

**Г. Секторот за локален економски развој и заштита на животната средина** ја води локалната економска политика преку планирање на локалниот економски развој со утврдување на развојни приоритети за

општината и врши работи кои се однесуваат на заштита на животната средина преку изготвување на планови и програми и превземање на мерки за заштита согласно со закон.

**Г1. Одделението за локален екомоски развој** извршува работни задачи кои се однесуваат на: планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; подршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемаштвото на локално ниво; соработува со невладините организации ;учествува во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство; го подготвува претставувањето на општината на сите домашни и странски манифестации; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

**Г2. Одделение за заштита на животната средина** ги врши работите што се однесуваат на: заштита на животната средина и природата; предлага мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот и земјиштето; предлага мерки за заштита од бучава и нејонизирачко зрачење; врши и други работи кои ќе му бидат доверени од Советот и градоначалникот.

Член 10

**Д. Инспекторатот- Секторот за инпекциски работи** врши инспекциски надзор и контрола на примената на законите и други прописи и акти донесени врз основа на закон кои се однесуваат на општината; инпекциски надзор и контрола на примената на прописите и актите донесени од страна на органите на општината и превзема мерки за отстранување на сите неправилности при примена на истите, во согласност со закон.

**Д1. Одделението за инспекциски работи во урбанизмот, комуналните работи, заштита на животната средина, патниот сообраќај и локалните патишта и улици** врши инпекциски надзор и контрола на примената на Законите и другите прописи и акти донесени врз основа на закон, прописите и актите донесени од страна на органите на општината, а кои се однесуваат на урбанизмот, комуналиите, заштитата на животната средина, патниот сообраќај и локалните патишта и улици.

**Д2. Одделението за инспекциски работи во финансиите, образованието, спортот, угостителството, туризмот и други области во надлежност на општината** врши инпекциски надзор и контрола на примената на Законите и другите прописи и акти донесени врз основа на закон, прописите и актите донесени од страна на органите на општината, а кои се однесуваат на организацијата на работата на основните и средните училишта во општината; утврдувањето и наплатата на општинските даноци, такси и надоместоци; спортските објекти во општината; угостителството; туризмот и други инпекциски работи за кои со закон е надлежна општината.

Член 11

**Ѓ. Одделението за внатрешна ревизија** врши внатрешна ревизија, согласно со закон и со системот на процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија, прифатени од Министерството за финансии; подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрување од градоначалникот на општината, го обезбедува неговото спроведување и следење; доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до градоначалникот на општината; подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија; врши оценување на значајни фактори на ризик и дава совети на градоначалникот на општината, за намалување на истите; ја утврдува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација; ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи; ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето со законите, подзаконските акти и актите на органите на општината.

Член 12

**Е. Одделението за управување со човечки ресурси** ја следи примената на законите и другите прописи и општи акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на вработените во општинската администрација, изготвува прописи и други општи акти од областа на работните односи, изготвува поединечни акти кои се однесуваат на правата, обврските и одговорностите на вработените, ја следи кариерата на вработените, ја води персоналната евиденција на вработените, се грижи за стручното усовршување, односно обучување на вработените, воспоставува стандарди за висококвалитетна општинска администрација, врши и други работи што ќе му бидат доверени.

Член 13

**Ж. Територијалната противпожарна единица на општината ги врши следните работи:**

- гаснење на пожари на подрачјето на општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на основната функција;
- заедно со територијалните единици од општините во РМ, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија, заради оперативно делување при гаснењето на големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснењето на пожари во други држави;
- водење на посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствената методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и општината за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица;
- тековна поправка и одржување на механиката;
- давање на противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности; и
- врши и други работи што ќе и бидат доверени.

Работите од став 1 на овој член, Територијалната противпожарна единица на општината ги врши на подрачјето на Општината, во чии рамки функционира команден оперативен центар, противпожарен и автомеханичарски сервис и преку 1 чета со 2 вода и 4 одделенија.

Територијалната противпожарна единица може да врши работи и на територијата на другите општини од регионот по претходно склучен договор помеѓу општините.

## III.РАКОВОДЕЊЕ СО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Член 14

Со општинската администрација раководи градоначалникот на општината.

Член 15

Со секторот раководи раководител на сектор.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи помошникот на раководителот на секторот, односно еден од раководителите на одделенијата од соодветниот сектор.

Со одделението раководи раководител на одделение.

Во случај на отсуство или спреченост, раководителот на одделението го заменува стручен државен службеник со највисоко звање во одделението, кој тој ќе го определи.

Член 16

Со Територијалната противпожарна единица на општината раководи командир.

Во случј на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната противпожарна единица на општината раководи заменик командир.

Со вод раководи командир на вод, а во случај на негово отсуство или спреченост, со водот раководи заменик командир на вод.

Со одделението раководи командир на одделение.

Член 17

Вкупниот број на вработени и распоредот по звања и работни места го утврдува градоначалникот на општината со Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација на општината.

## IV.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престануват да важат: Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската

администрација бр. 07-1348/1 од 23.06.2005 година; Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација бр. 07-1773/2 од 21.07.2005 година; Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација бр. 07-7482/1 од 14.11.2006 година; и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација бр. 07-114/1 од 15.01.2007 година.

Член 19

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Струмица, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за државни службеници.

Број 07-5762/1 Совет на општина Струмица
06.12.2007 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници, донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6225/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………..

**183.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (" Сл. весник на РМ" бр. 5/06) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници**

1. Се усвојува Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалните заедници.

2. Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица'

Бр. 07- 6225/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година, донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6214/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………….

**182.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 8 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2008 ГОДИНА**

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2008 година на општина Струмица опфаќа:

1. - Подрачје со поблиско определување на земјиштето кое ќе се уредува;

2. - Обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации;

3. – Извори на средства-приход

4. - Одредби утврдување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште

5. -Трошоци за уредување на градежното земјиште, односно намена на средствата по објекти и области.

6. – Надоместок за експропријација на градежното земјиште

**1. ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО КОЕ ЌЕ СЕ УРЕДУВА**

Градежно земјиште е земјиштето кое се наоѓа во градежниот опфат на градот Струмица, предвиден за изградба на сите видови објекти одредени со Генералниот и Деталните урбанистички планови на градот и измените и дополнувањата, како и населените места за кои има УДНМ, односно Урбанистички план за село или ГУП.

Уредување на градежно земјиште надвор од градежниот опфат на градот Струмица ќе се врши со донесување одлука на Советот на општината и согласност од надлежното Министерство, на основа на изработен урбанистички план вон населено место.

**1. ОБЕМ НА УРЕДУВАЊЕ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ И ИНСТАЛАЦИИ**

Обемот на уредување на градежното земјиште опфаќа:

* Подготвителните работи:

-Прибавување изводи од урбанистичките планови:

-Геодетско снимање и изработка на ажурирани геодетски подлоги;

-Изготвување елаборати за расчистување на имотно-правни односи

-Расчистување на имотно-правните односи

-Рушење на објекти;

-Изработка на урбанистички планови

-Изработка на инвестиционо-техничка документација (проекти)

* Опремување на градежното земјиште со инфраструктурни објекти:

-Изградба на улици и тротоари;

-Изградба на улична водоводна мрежа во град Струмица и населените места, како и системи за водоснабдување во рурални подрачја;

-Изградба на улична фекална и атмосферска канализациона мрежа во град Струмица и населените места, како и системи за одведување и прочистување на отпадни води во рурални подрачја;

*Урбана опрема

*Одведување и прочистување на отпадни води

*Јавна чистота

*Озеленување на јавни површини, одржување и користење на паркови и зеленило

*Изградба на јавно осветлување

*Одржување на спомен обележја

Со оваа Програма не се предвидува приклучување на електричната мрежа на објектите предвидени со урбанистичкиот план, кабловска телевизија како и приклучување со ПТТ мрежа, што значи дека финансирањето на тие објекти и инсталации, односно нивната изградба ќе ја извршуваат претпријатијата и правните субјекти што управуваат со истите, а од средствата што ги собираат согласно нивните Правилници.

Со Програмата Општината ја реализира уличната мрежа и останатата инфраструктура.

**3.ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА-ПРИХОДИ**

Уредувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши од средства кои се прибираат како надоместок за уредување на градежното земјиште, утврден со оваа Програма .

**4 . ОДРЕДБИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ**

**4. I.** Во текот на 2008 година надоместок за уредување на градежното земјиште во град Струмица ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради 1700,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

1.а За индивидуални станбени згради, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", 1.870,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на

нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

2. За колективни станбени згради надоместокот за уредување на градежното земјиште се наплаќа во зависност од зоните во кои се гради објектот, а кои се определени како зони на крајот од оваа Програма.

Надоместокот ќе се пресметува за нето површина на подовите во сите простории на објектот спрема намената на користење и истиот ќе изнесува:

- Во Прва зона..........................4.500,оо ден/м$^2$
- Во Втора зона.......................4.000,оо ден/м$^2$
- Во Трета зона...................... 3.500,оо ден/м$^2$

За деловни простории во колективни станбени згради, надоместокот ќе изнесува :

-Во Прва зона.........................7.800 ден/м$^2$
-Во Втора зона......................5.800 ден/м$^2$
-Во Трета зона.......................3.800 ден/м$^2$

3. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од обласа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за комунално уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

4. За деловни и производни објекти во градежниот опфат на градот, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 3.800 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 2.100 ден/м$^2$ нето развиена површина.

6. За деловни објекти , во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорѓи Василев", надоместокот изнесува 4.180,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

5. За други објекти:
- катни гражи ................... 760,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
објекти ...........................1900,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
од површината по.................760,оо ден/м$^2$

5.а. За други објекти, во VIII станбена заедница, на просторот ограничен со улиците "Ката Поцкова", "Климент Охридски" и "Ѓорги Василев":
- катни гражи .................. 836,оо ден/м$^2$
-спортски покриени
објекти ......................... 2.090,оо ден/м$^2$
-отворени пазаришта
од површината по................ 836,оо ден/м$^2$

4. II Во текот на 2008 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Вељуса, Водоча, Градско Балдовци, Дабиље, Добрејци, Просениково, Банско, Муртино, Сачево, Куклиш и Баница кои имаат УДНМ или ГУП ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради - 800,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,, Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за

уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти (болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 1.900 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 1.100,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:

-катни гражи ……………….. 380,оо ден/м$^2$

-спортски покриени објекти ……………………… 950,оо ден/м$^2$

-отворени пазаришта од површината по …............…..380,оо ден/м$^2$

4. III. Во текот на 2008 година надоместокот за уредување на градежното земјиште во населените места Попчево, Рич, Дорламбос, Костурино, Мемешли, Орманли, Белотино, Раборци, Габрово, Свидовица и Триводи, кои имаат УДНМ или Општ акт ќе се наплатува за следните видови објекти:

1. За индивидуални станбени згради- 400,оо ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

2. За јавните објекти како што се: училишта, здравствени објекти(болници, клиники, здравствени станици, амбуланти, и друго), објекти од областа на културата, уметноста, објекти на општествено политички организации, објекти на правосудството, обвинителството, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 450 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со ,,Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежнот земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

3. За деловни и производни објекти, надоместокот за уредување на градежното земјиште изнесува 950 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните кефициенти утврдени со "Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост" и оваа Програма.

За пренамена на станбен простор во деловен простор, се наплаќа за 1 м$^2$ разликата до деловен простор, т.е. 550,оо ден/м$^2$ нето развиена површина.

Во надоместокот за уредување на градежното земјиште не е земено како приход обезбедување на електрична енергија од дистрибутивната мрежа и трафостаница, изведба на ПТТ мрежа, како и приклучоци на целата инфраструктура (електро, ПТТ, водовод и канализација), што значи дека тие трошоци паѓаат на товар на инвеститорите кои ги градат инвестиционите објекти.

4. За други објекти:

-катни гражи …………………190,оо ден/м$^2$

-спортски покриени објекти ……..…………… 475,оо ден/м$^2$

-отворени пазаришта од површината по ……........…190,оо ден/м$^2$

4. IV. За повеќе наменска индустриска зона К.О. Сачево и К.О. Градско Балдовци надоместокот за уредување на градежно земјиште изнесува 3.800 ден/м$^2$ нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со соодветните коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма.

4. V. Коефициенти утврдени со “Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост” и оваа Програма:

| *Станбени објекти* | | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Станбени простории | 1.0 |
| 2. | Станбени простории во поткровје:<br>а. Делот во висина помала од 2,5 м. | 0.1 |
| | б. Делот во висина од 2,5 м и над 2,5 м. | 1.0 |
| 3. | Логија ,балкони | 0.2 |
| 4. | Помошни простории, остава за гориво,котлара,трафостаница во објект,визба | 0.3 |
| 5. | Гаражи | 0.1 |

| **Деловни, јавни и производни објекти** | | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Простории | 1.0 |
| 2. | Магазини, простории во визба | 0.4 |
| 3. | Гаражи | 0.1 |
| 4 | Настрешници | 0.4 |
| 5 | Резервоари | 0.1 |
| 6 | Резервоари ТНГ | 1.0 |
| 7 | Паркинзи | 0.1 |

| | **Други објекти** | коефициенти |
|---|---|---|
| 1. | Катна гаража | 0.2 |
| 2. | Спортски покриени објекти | 0.5 |
| 3. | Отворени пазаришта | 20%<br>од површината |

4. VI. За подрачјето во градежниот реон и надвор од него, каде Општина Струмица не е во состојба да обезбеди целосно уредување на градежното земјиште согласно предвидениот обем на уредување и степен на опремување на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации, инвеститорите ќе плаќаат надоместок како што следува:

1.За улици и тротоари или јавен пат, од предвидениот надоместок за односниот тип на објекти ……50%
2. За улична водоводна мрежа ….10%
3.За главен довод за вода и построение за прочистување ……15%
4.За улична (фекална) канализациона мрежа ………..….15%
5.За колекторска (атмосверска) канализација…………………… 10%

**или вкупно …………………..……… 100%**

4. VII Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за површината на легален објект што е урнат или ќе се урива, а на негово место се гради друг објект, се намалува од развиената површина на објектот што ќе се гради, по истите норми (проценти) по кои е пресметан во моментот на регулирањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште.

4. VIII Износот на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објекти од времен карактер, кои преминуваат во објекти од траен карактер се пресметува како за новоизграден објект.

4. IX Во колку во текот на годината се наложи потреба од промена на висината на надоместокот поради поголема инфлација, корекцијата ќе ја изврши Советот на општината, во согласност со индексот на цените на мало дадени од Заводот за статистика на Р.Македонија.

4. X. Градоначалникот на општината, може поединечно со Решение да одобри, износот на надоместокот за уредување на градежното земјиште да се плати на рати во зависност од висината на надоместокот и оценката за важноста на објектот.

## 5.ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПО ОБЛАСТИ И ОБЈЕКТИ

**Ф2 - Уредување на градежно земјиште**
**(рушење на објекти) ……………………………... 1.000.000,оо ден.**

**ФА – Уредување на градежно земјиште**
**(капитални тошоци) ………………………………..120.764.630, оо ден.**

**а) Изградба на улици и други инфраструктурни објекти**

| РБ | Објект | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | ул. “Маршал Тито од СОУ “ Н. Карев” до “Огражден”. | 15.700.000,оо |
| 2 | Новопроектирана, четири крака | 3.000.000,оо |
| 3 | Цареви кули | 9.500.000,оо |
| 4 | Лебљебиџијска улица, реконструкција | 3.500.000,оо |
| 5 | Втор слој Струмица-Добрејци (коцка) | 1.500.000,оо |
| 6 | Втор слој ул. “Б. Единство” од Младинска до П.Пешев | 340.000,оо |
| 7 | ул. “Трајко Делиџаков”, | 600.000,оо |
| 8 | Втор слој асфалт на ул. “Невена Стојкова’ | 600.000,оо |
| 9 | Асфалт на ул. “Мирче Ацев” од Н. Стојкова до К. Дом | 500.000,оо |
| 10 | Втор слој асфалт,ул. “П. Пешев”(од Б. Единство до МХЈ” | 1.450.000,00 |
| 11 | втор слој на ул. “МХЈ” од Б. Единство до бр. 35 | 200.000,оо |
| 12 | Асфалтирање на џеб на “МХЈ” до бр. 21 до бр. 25 | 210.000,оо |
| 13 | ул. “Плачковица” асфалтирање | 720.000,оо |
| 14 | Втор слој асфалт на ул. Д.Цветинов’ од М.Тито до Вардарска | 200.000,оо |
| 15 | ул. “Д. Цветинов” од Охридска до Вардарска | 350.000,оо |
| 16 | Втор слој асфалт на ул. “Балканска” од Круж. тек до Дрварска | 600.000,оо |
| 17 | ул. “Горги Василев” зад Бариел-Салијата | 600.000,оо |
| 18 | асфалт до индустриска зона Сачево | 11.500.000,оо |
| 19 | Асфалтен пат кај Агроберза и мост | 35.324.630.оо |
| 20 | Пробивање на ул. “Пиринска” | 400.000.оо |
| 21 | ул. “Струма” | 800.000.оо |
| 22 | ул. “Партизанска” | 600.000.оо |
| 23 | ул. од СУ. “Н. Карев” до нервно одделение | 700.000.оо |
| 24 | асфалтирање на крак од Кл. Охридски (печатница) | 400.000.оо |
| 25 | Дел на ул. “Атанас Караман” | 120.000.оо |
| 26 | асфалтирање на ул. М.Минанова и дел од Ристо Клепов | 1.500.000.оо |
| 27 | ул. “К.Ј. Питу” | 600.000.оо |
| 28 | ул.“Климент Охридски” од Здружениена возачи- Ж. Струмица | 6.000.000.оо |
| 29 | втор слој на ул. “Александар Македонски” | 300.000.оо |
| 30 | втор слој на дел одул. “5ти Ноември” и дел од ул. Славчо Стојменски” кај Св. Петнаесет | 1.000.000.оо |
| 31 | втор слој асфалт од ул. Клим. Охридски до Пелагонија | 400.000.оо |
| 32 | Дел од ул. “С. Стојменски” од куќен бр. 44, 46.... | 150.000.оо |
| 33 | асфалтирање на дел од ул. Гоце делчев кај Агроремонт | 1.000.000.оо |
| 34 | ограда на порој на ул. “Кр. Република” | 1.500.000.оо |
| 35 | довршување на ободен канал | 4.500.000.оо |
| 36 | Нов влез пред ЈЗУ “ Општа болница” | 500.000,оо |
| 37 | Дел од ул. “ 4 Јули” втор слој асфалт | 350.000,оо |
| 38 | Втор слој асфалт на ул. “ Спиро Захов”од пресек со ул. “ Елка Јанкова “ до влезот на Нервно-психијатриска служба | 450.000,оо |
| | **Вкупно:** | **107.664.630,оо** |

**б) Изградба на тротоари**

| РБ | Објект | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Тротоар на ул. “Ленинова” од Алфа банка до Макпетрол | 1.320.000,оо |
| 2 | Тротоар на ул. “Моша Пијаде” од 11Октомври до Ѓ. Салај | 450.000.оо |
| 3 | Тротоар на ул. “Ѓуро Салај” | 340.000,оо |
| 4 | Тротоар на ул. “Младинска” од Ургент. центар до П.Пешев | 300.000,оо |
| 5 | Тротоар на ул. ‘Г. Делчев” од Х. Илинден до ул.М. Тито | 600.000,оо |
| 6 | Тротоар на ул. “Ѓерас Цунев” од Собрание до Стив Наумов | 300.000,оо |
| 7 | Тротоар на ул. “В. Сурчев” зад ТТ Маркет | 100.000,оо |
| 8 | Тротоар на ул. “Младинска” од Г.Делчев до Кр. Република | 1.050.000.оо |
| 9 | Тротоар на ул. “Вера Циривири” | 700.000.оо |
| 10 | Тротоар и канделабри на ул. “24Октомври | 2.000.000.оо |
| 11 | Тротоар на ул. “11ти Октомври” помеѓу згради 5 и 7 | 140.000.оо |
| | **Вкупно:** | **7.300.000.оо** |

**в) расчистување на имотно – правни односи**

| р.б | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | ул. “Новопроектирана” 4 краци | 2.000.000,оо |
| 2 | Локален пат Вељуса Ангелци | 500.000,оо |
| 3 | ул. “Маршал Тито” | 1.500.000,оо |
| 4 | Адинг градба – ободен канал | 800.000,оо |
| 5 | Други | 1.000.000,оо |
| | **Вкупно:** | **5.800.000,оо** |

**ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)……………………………………1.800.000,оо ден.**

| РБ | Објект | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Фудбалско игралиште во Просениково (санација) | 300.000,оо |
| 2 | Игралиште за деца во Водоча | 400.000,оо |
| 3 | тампонирање на ул. во Костурино<br>1. Ѓ. Магиев до Ж. Донев<br>2. од Амбуланта до Ѓ. Циев<br>3. од Р. Глигоров до М. Терзиев | 400.000.оо |
| 4 | Фудбалско игралиште во Банско (санација) | 300.000,оо |
| 5 | Фудбалско игралиште во Муртино (санација) | 300.000,оо |
| 6 | Тампонирање на пат до депонија во Сачево | 100.000,оо |
| | **Вкупно:** | **1.800.000,оо** |

**Г1 – Подршка на ЛЕР ………………………………..........……… 3.233.823,оо ден.**

| р.б | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | подршка на ЛЕР | 733.823.оо |
| 2 | ИСО 14001 | 400.000,оо |
| 3 | Трансфер по закон на рамномерен развој | 500.000,оо |
| 4 | Проект со Грција | 1.100.000,оо |
| | **Вкупно:** | **2.733.823,оо** |

**Ј2 – Одведување и прочистување**
**на отпадните води ……………………........……………… 900.000,оо ден.**

| РБ | Активност | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Чистење на отворен атмосферски канал во Куклиш, Темнико и Летиште | 400.000,оо |
| 2. | Чистење на отворен атмосферски канал во Баница | 200.000,оо |
| 3. | Чистење на отворен атмосф. канал Кр.Република и Св. Илија | 300.000.оо |
| | **Вкупно:** | **900.000,оо** |

**Ј3 – Јавно осветлување ……………………........……………… 12.000.000,оо ден.**

| РБ | Активност | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Тековна потрошувачка | 9.100.000.оо |
| 2. | Одржување на улично осветлување | 2.900.000,оо |
| | **Вкупно:** | **12.000.000,оо** |

**Ј4 – Јавна чистота …………………..………..………… 1.700.000,оо ден.**

| РБ | Активност | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Јавна чистоќа "Комуналец" | 1.000.000.оо |
| 2. | Јавна чистоќа - трансфери | 500.000,оо |
| 3. | Чистење на дива депонија во Водоча | 200.000.оо |
| | **Вкупно:** | **1.700.000,оо** |

**Ј7- Одржување и користење на**
**паркови и зеленило ………..……………..………… 1.000.000,оо ден.**

**ЈА – Изградба на јавно осветлување……………………8.650.000,оо ден**

| р.б | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | улично осветлување за индустриjска зона Сачево | 3.150.000.оо |
| 2 | улично осветлување за Агроберза | 1.450.000.оо |
| 3 | улично осветлување на К.Охридски од Здр. на Возачи - Ж. Струм. | 1.000.000.оо |
| 4 | улично осветлување на ул. Горги Василев од Градинка до К. Охр. | 500.000.оо |
| 5 | улично осветлување на ул. В. Сурчев зад ТТ Маркет | 1.000.000.оо |
| 6 | улично осветлување на ул. М. Тито од Н. Карев до М6 | 1.550.000.оо |
| 7 | улично осветлување кон Добрејци од кружен тек до зона Север | 900.000.оо |
| | **Вкупно:** | **8.650.000.оо** |

**ЈГ – Изградба на системи за водоснадување………………..41.735.000,оо ден.**

| р.б | Објект | Износ ден. |
|---|---|---|
| 1 | Нови водоводи во градот | 1.500.000,оо |
| 2 | Водовод Добрејци | 7.700.000,оо |
| 3 | Водовод Дабиље | 10.850.000,оо |
| 4 | Водовод Градско Балдовци | 3.500.000.оо |
| 5 | Водовод Просениково | 6.250.000.оо |
| 6 | Дел од нов водовод Баница | 4.500.000.оо |
| 7 | Реконструкција на водовод Свидовица | 1.000.000.оо |
| 8 | Водовод за инд. зона Сачево | 6.000.000.оо |
| 9 | Водовод за Агроберза | 435.000.оо |
| | **Вкупно:** | **41.735.000,оо** |

**ЈИ – Изградба на систем за одведување и прочис-
тување на отпадни води ……………………….………… 28.840.370,оо ден.**

| р.б | Објект | Износ ден. |
|---|---|---|
| 1 | Нови канализации во град | 1.500.000,оо |
| 2 | Фекална и атмосферска канализација инд. зона Сачево | 11.000.000,оо |
| 3 | Атмосферска и фекална канализација кај Агроберза | 10.940.370,оо |
| 4 | Канализација во Муртино | 4.000.000.оо |
| 5 | Канализација на ул. Пљачковица | 500.000.оо |
| 6 | Атмосферска канализација на ул. Васил Сурчев | 200.000.оо |
| 7 | Фекална канализација на ул. покрај Печатница | 350.000.оо |
| 8 | Подигање и спуштање на шахти | 350.000.оо |
| | **Вкупно:** | **28.840.370,оо** |

**ЈМ - Паркови и зеленило (капитални расходи) ……….. 2.200.000,оо ден.**

| р.б | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Нови зелени површини - трансфери | 500.000,оо |
| 2. | Парк на сред село во Добрејци | 300.000,оо |
| 3 | Парк на сред село во Попчево | 300.000.оо |
| 4 | Парк на сред село во Костурино | 300.000.оо |
| 5 | Парк на сред село во Габрово | 300.000.оо |
| 6 | Уредување на просторот пред домот во Сачево | 200.000.оо |
| 7 | Парк пред Есперанто | 300.000.оо |
| | **Вкупно:** | **2.200.000,оо** |

**ЈН-Урбана опрема ………………….……….…...……… 3.600.000,оо ден.**

| р.б | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Два јавни часовника | 1.000.000,оо |
| 2. | Нови семафори | 1.500.000,оо |
| 3 | Канти за смет | 300.000.оо |
| 4 | Детско игралиште прва У.З. на ул. К. Минанов | 200.000.оо |
| 5 | Детско игралиште осма У.З. ул. М. Тито | 200.000.оо |
| 6 | Детско игралиште петта У.З. ул. 11 октомври | 100.000.оо |
| 7 | канти, клупи и чешма на парк пред Отекс | 300.000.оо |
| | **Вкупно:** | **3.600.000,оо** |

**Р е к а п и т у л а р:**

| **Р.б** | **Назив на програмата** | *Износ денари* |
|---|---|---|
| 1 | Ф2-Уредување на градежно земјииште (рушење на објекти) … | 1.000.000,оо |
| 2 | ФА–Уредување на градежно земјиште (капитални тошоци) ……………………………………..… | 120.764.630,оо |
| 3 | ФД-Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)……………………………………………….. | 1.800.000,оо |
| 4 | Г1–Поддршка на ЛЕР ………………………………..…..…… | 2.733.823,оо |
| 5 | Ј2- Одведување и прочистување на отпадни води………….... | 900.000,оо |
| 6 | Ј3-јавно осветлување……………………………………………… | 12.000.000,оо |
| 7 | Ј4-јавна чистоќа…………………………………………….……. | 1.700.000,оо |
| 8 | Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило................. | 1.000.000,оо |
| 9 | ЈА-Изградба на јавно осветлување …………………………… | 8.650.000,оо |
| 10 | ЈГ-изградба на системи за водоснабдување…………………… | 41.735.000,оо |
| 11 | ЈИ-Изградба на системи за одведув. и прочистување на води... | 28.840.370.оо |
| 12 | ЈМ-Паркови и зеленило……….. | 2.200.000.оо |
| 13 | ЈН-урбана опрема……………………………………………..… | 3.600.000.оо |
| | **В к у п н о:** | **226.923.823,00** |

**6.Надоместок за експропријација на градежно земјиште**

За обештетување за градежно земјиште за пробивање улици, тротоари и џебови на улици во градот Струмица и населените места ќе се наплаќа како што следува :

Градежно неизградено земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица:

1. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на град Струмица ограничен со Генералниот урбанистички план, се определува спрема зоната во која се наоѓа, и тоа:

Во Прва зона................1.200 ден/м$^2$
Во Втора зона..............1.000 ден/м$^2$
Во Трета зона..........…......800 ден/м$^2$
Во Четврта зона………...500 ден/м$^2$

2. Вредноста на неизграденото градежно земјиште во потесниот градежен реон на населените места ограничен со УДНМ или ГУП изнесува 200,оо ден/м$^2$.

3. Вредноста на градежното неизградено земјиште надвор од потесниот градежен реон за кое постои урбанистички план, ќе се наплатува како што следува:

-Во Прва зона - покрај потесниот градежен реон на град Струмица (на пр. Пречистителна Станица). ……....400 ден/м$^2$

-Во Втора зона - покрај Магистралниот пат М-6 и населените места со Одлука за определување на градежниот реон..........................300 ден/м$^2$

- Во Трета зона - покрај останати јавни патишта надвор од потесниот реон на населбите…………..................200 ден/м$^2$

- Во Четврта зона - во и покрај пасивните и заостанати населени места - Рич, Белотино и Попчево ....………...................40 ден/м$^2$

**Граници на зони во потесниот градежен реон на град Струмица**

**Прва зона**

Подрачјето што го опфаќа Прва зона претставува централен дел на градот и е ограничен со улиците:

Дел од "Ленинова" покрај паркот пред Собранието, "Боро Џони", "Орце Николов", "Ванчо Китанов", ја пресекува "Благој Мучето" кај споменикот на револуцијата, "24-ти Октомври", "Младинска", "Крушевска Република", "Димитар Влахов" и затвара со "Ленинова".

**Втора зона**

Го опфаќа подрачјето надвор од границите на прва зона и тоа:

Просторот ограничен со: Патот М-6, ул. “Климент Охридски”, ул. “Ѓорѓи Упчев”, ул. “Бетовенова”, ул. “”5-ти Ноември”, ул. “Стив Наумов”, граница на урбаниот опфат со ГУП, до спој со патот М-6.

**Трета зона**

Го опфаќа просторот надвор од втората зона во рамките на градежниот офат со ГУП и тоа источно од патот М-6, источно од ул.”Климент Охридски”, јужно од ул.”Ѓорѓи Упчев” и западно од ул. “Маршал Тито” и северно од границата на Урбан модул 26 дефиниран со ГУП на град Струмица.

**Четврта зона**

Подрачјето на четврта зона е просторот на повисокиот дел на градот и тоа над улиците: "Бетовенова", "Славчо Стојменски", "Бел Камен", "Пиринска", "Партизанска", ја пресекува "Васил Главинов" и оди над "Стив Наумов".

**Завршни одредби**

Започнатите постапки за издавање на одобрение за градење и на одобрение за употреба ќе продолжат според прописите кои важеле до денот на стапувањето во сила на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 6214/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06

– пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Годишната програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Годишната програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на Општина Струмица за 2008 година донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6215/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

...................................

**185.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 12 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**Г о д и ш н а п р о г р а м а**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици на територијата на општина Струмица за 2008 година**

Во текот на 2008 година, се предвидува да се извршат следните активности:

**JD. Изградба и реконструкција на локални патиште и улици ..... 14.320.000.оо ден.**

| **р.б.** | **Населени места** | **Износ денари** |
|---|---|---|
| 1 | Локален пат Попчево – Струмица (до пат Ц. Кули) | 3.800.000,00 |
| 2 | Улица во Вељуса од турска маала до големо лозе | 1.800.000.оо |
| 3 | Улица во Рич | 500.000,00 |
| 4 | Мост меѓу Сачево и Муртино | 2.000.000,00 |
| 5 | улица во Костурино | 600.000,00 |
| 6 | Улица во Банско од П. Костадинов до В. Андонов) | 1.200.000.оо |
| 7 | улици во Куклиш: 1.Од сред село до Којчето<br>2.Германско маало до полигон<br>3. поврзување до врешко маало | 1.900.000.оо |
| 8 | Улица позади училиште +80м1 доасфалтирање, Сачево | 600.000.оо |
| 9 | Улица во Раборци, продолжување од 2007 | 400.000.оо |
| 10 | Улица во Габрово, од Георгиев Благој до Цветков Ристо | 820.000.оо |
| 11 | Улица во Дабиља | 400.000.оо |
| 12 | Тиролски зафат на две локации во Куклиш | 300.000,оо |
| | **ВКУПНО :** | **14.320.000,00** |

**J6. Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај ........................ 4.290.000.оо ден.**

| р.б. | | Износ денари |
|---|---|---|
| 1 | Крпење на udари дупки и прокопи со набавка и вградување на асфалт ........................................ | 2.000.000,00 |
| 2 | Зимско одржување на локални патишта и ул: | |
| | - набавка на индустриска сол ..................................... | 240.000,00 |
| | -ангажирање на машини, опрема и работна рака за расфрлање на сол и чистење на снег од улиците ........... | 500.000,00 |
| 4 | Одбележување на хоризонтална сигнализација ...... | 700.000,00 |
| 5 | Одржување на вертикална сигнализација со набавка и поставување на сообраќајни знаци ................. | 550.000,00 |
| 6 | Одржување на семафорски постројки .......................... | 300.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **4.290.000,00** |

**Планирани средства од Фондот за магистрални и регионални патишта во висина од 9.760.000,00 ден.**

Оваа Годишна програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 6215/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6216/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

**186.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 13 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**

**за одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година**

Согласно Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување на општина Струмица, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со Програма се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2008 година, односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финансирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување во општината.

Финансирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирано со Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси (“Сл.весник на РМ” број 92/07), според кој за користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса.

Наплатата на таксата за користење и одржување Јавно осветлување од имателите на броило ја врши ЕВН Македонија Подружница - Струмица и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Струмица.

Мрежата за јавно осветлување се напојува од 125 трафостаници во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовното одржување на јавното осветлување е опфатено:

- замена на прегорени и скршени сијалици;
- замена на оштетени светлосни арматури;
- замена на заштитни стакла;
- замена на сите останати елементи на сијаличното место (пригушници, фасонски и др.)

Во текот на 2008 година се предвидува да се поставаат нови арматури и тоа во градот Струмица на следните улици:

1. .“Тошо Арсов” …. ………..….. 2 арматури
2. ”Егејска” ……………. …. 1 арматура
3. ”Кожув”…………… ……..……. 1 арматура
4. ”Александар Македонски”.. 1 арматура
5. “Браќа Миладинови”……….. 6 арматури
6. “Благој Мучето”……….. … . 3 арматури
7. “М.Х.Јасмин”……………….... 4 арматури
8. “Младинска”спроти болница 2 арматури

9.Џеб кај “Летница”……..…… 10 канделабри
10.”Васил Сурчев” ……………… 6 арматури
11.”24 Октомври”…..…..…….. ….8  араматури
12.”Кр.Република ” ………………. 8 арматури
13.”Панче Пешев”…………….……. 3 арматури
14.”Широк Дол”……………….….2 арматури
15.”Софилари ”…………………….. 8 арматури

19.”Тивереија” ……………………….1 арматура
17.”Методи Митевски ”………..….1 арматура
18.”Вардарска”………………..…..2 арматури
19.”Беласица ”……………….....…2 арматури
20.”Моша Пијаде ”………….…... 2 арматури
21.“Сава Ковачевиќ”…………….. 1 арматура
22.“Наум Наумовски Борче”….....1 арматура
23.“Јанко Цветинов”………………..2 арматури
24.“Бетовенова ”………………..….3 арматури

**Во населените места:**

1. Баница …………….. 10 арматури
2. Вељуса……………..….4 арматури
3. Сачево …………………5 арматури
4. Муртино ……………..… 4 арматури
5. Водоча …………………6 арматури
6. Попчево ……………… 6 арматури
7. Костурино …………….. 6 арматури
8. Раборци …………….. 2 арматури
9. Куклиш ………………..10 арматури
10. Гр. Балдовци………. 6 арматури
11. Банско …………….. 10 арматури
12. Габрово ……………….. 4 арматури
13. Добрејци ……………… 7 арматури
14. Просениково ………… 5 арматури
15. Дабиле ………………… 5 арматури

Во Програмата за јавно осветлување за 2008 година да се предвидат средства и тоа:

**Јавно осветлување**

За тековната потрошувачка на електрична енергија ….9.100.000,оо денари;

За одржување на инстала-
циите …………………. .2.900.000,оо денари

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава – барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување. Исто така ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во текот на 2008 година се планира да се продолжи со системот на заштеда на електрична енергија преку вградување на нови светилки од типот на урбани светилки. ќе продолжи фарбањето на металните електрични столбови лоцирани на бул. “Гоце Делчев” и на улиците “Балканска”, “Моша Пијаде”, “11 Октомври” и “Маршал Тито”.

Во рамките на одржувањето на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напојни 125 трафостаници.

Извршител на сите овие активности ќе биде ЕВН Македонија – подружница Струмица, со претставник од Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР.

Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручна организација која ќе ја утврди Комисијата за јавни набавки преку спроведена тендерска постапка.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамика на наменското користење на средствата ќе врши Секторот за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР Струмица.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 6216/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………….

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година

1. Се објавува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2008 година донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6217/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………….

**187.**
Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ( “ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА 2008 ГОДИНА**

**1. Вовед**

Годишната програма за изработка на урбанистичките планови на општина Струмица за 2008 година претставува основа за изработка и донесување на Генерален план, Детални урбанистички планови и Урбанистички планови за села во општината, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е сегмент од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

**2. Планирани активности**
**3.**

***F1-Урбанистичко планирање ……..……..4.000.000,оо ден.***

**I. Детални урбанистички планови ................................................ 3.700.000,оо**

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Блок 1 (Дел од централно градско подрачје) | 175.000,оо |
| 2 | Блок 3 (Стопанска зона – север) | 229.500,оо |
| 3 | Блок 3-а ( Печатница) | 175.000,оо |
| 4 | Блок 4 (дел) | самоинвестирање |
| 5 | Блок 5 (Стопанска зона – север) | 230.000,оо |
| 6 | Блок 8 (егејско маало) | 85.000,оо |
| 7 | Блок 13 | 24.000,оо |
| 8 | Блок 14 | 30.000,оо |
| 9 | Блок 15 (”Жито Струмица” - до порој) | 168.000,оо |
| 10 | Блок 16 (политекс) | самоинвестирање |
| 11 | Блок 17 (источно од ул.”К.Охридски”-Белик) | 250.000,оо |
| 12 | Блок 17/1 (источно од ул.”К.Охридски”-Белик) | 300.000,оо |
| 13 | Блок 19 | 355.000,оо |
| 14 | Блок 21 (источно од ул.”К.Охридски”-Белик) | 300.000,оо |
| 15 | Блок 23 ( АДГ Градба) | самоинвестирање |
| 16 | Блок 24 ( Огражден и Санкерамика) | самоинвестирање |
| 17 | Блок 25 | самоинвестирање |
| 18 | Блок 26 | самоинвестирање |
| 19 | Блок 33 (дел) | самоинвестирање |
| 20 | Блок 38 (дел) | 40.000,оо |
| 21 | Блок 39 (Софилар) | 530.500,оо |
| 22 | Блок 40 (Софилар) | 320.000,оо |
| 23 | Блок 41 (Грозд и Градско зеленило) | 338.000,оо |
| 24 | Блок 42 ( Краварник) | 450.000,оо |
| | **Вкупно :** | **3.700.000,оо** |

**II.Урбанистички план за села во Општината....................... 300.000,оо**

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | Урбанистички план за село Банско | 150.000.оо |
| 2 | Урбанистички план за село Костурино | самоинвестирање |
| 3 | Урбанистички план за село Габрово | самоинвестирање |
| 4 | Урбанистички план за село Градско Балдовци | самоинвестирање |
| 5 | Урбанистички план за село Куклиш | 150.000,оо |

**III.Урбанистички план вон населено место**

| р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 1. | КП бр. 1191 КО Просениково | самоинвестирање |
| 2 | КП бр. 901, 902, 264 КО Банско | самоинвестирање |
| 3 | Викенд населба КО Куклиш | самоинвестирање |

**3.Финансирање**

За финансирање на урбанистичките планови од Програмата F1 средства ќе се обезбедат од:

- Буџетот на општина Струмица за 2008 година;

**4. Завршни одредби**

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Врз основа на Годишната програма за изработка на урбанистички планови , Општината како нарачател на планот склучува договор за изработка на планови согласно Законот со правни лица кои имаат овластување за изработка на урбанистички планови.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-6217/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

…………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2008 година во Општина Струмица

1. Се објавува Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2008 година во Општина Струмица донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6218/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**188.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО 2008 ГОДИНА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА**

**I**

Со Општинската програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 2008 година (во понатамошниот текст Програма), се определуваат годишнините на значајните

настани и истакнати личности од посебно значење за развојот на Република Македонија и Струмица, за афирмација на историското и културното наследство и негување на општоцивилизациските вредности и државните празници на Република Македонија, утврдени со закон.

**II**

Во 2008 година ќе се одбележат следните годишнини на значајни настани и личности:

**Ј А Н У А Р И**

**1. 01.01.2008 година НОВА ГОДИНА**
НОСИТЕЛ: Градоначалникот и Комисијата за општествени дејности при Советот на општина Струмица. (Во понатамошен текст: Комисија)

**Ф Е В Р У А Р И**

**1. 04.02.2008 година**
- 136 години од раѓањето на апостолот на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

НОСИТЕЛ: ОУ "Гоце Делчев" село Вељуса во содејство со Комисијата.

**2. 26.02.2008 година**
- четири години од загинувањето на претседателот на Република Македонија, БОРИС ТРАЈКОВСКИ.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**А П Р И Л**

**1.14.04.2008 година**
- 11 години од смртта на еден од најеминентните македонски и роднокрајни писатели – ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ.

НОСИТЕЛ: ОУ "Видое Подгорец" Струмица во содејство со Комисијата.

**М А Ј**

**1. 01.05.2008 година**
**-** МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ТРУДОТ

НОСИТЕЛ: Општинскиот синдикален совет

**2. 04.05.2008 година**
- 105 години од убиството на апостолот на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство – ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**3. 09.05.2008 година**
МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ

НОСИТЕЛ: Комисијата.

**4. 12.05.2008 година**
- 66 години од смртта на првоборецот САНДО МАСЕВ.

НОСИТЕЛ: ОУ "Сандо Масев" - Струмица во содејство со Комисијата.

**5. 24.05.2008 год.** –
"Св. Кирил и Медодиј" – ден на сесловенските просветители
Носител: ОУ "Св. Кирил и Медодиј" с. Дабиле со содејство со Комисијата

**6. 31.05.2008 г.**
- 136 години од раѓањето на еден од најистакнатите дејци и поклоници на македонското револуционерно движење за ослободување од турското ропство– ЈАНЕ САНДАНСКИ.

НОСИТЕЛ: СОУ "Јане Сандански" – Струмица во содејство со Комисијата

**ЈУНИ**

**1. 25.06.2008 година**
- 52 години од раѓањето на трагично загинатиот претседател на Република Македонија – БОРИС ТРАЈКОВСКИ.

НОСИТЕЛ: Комисијата.

**ЈУЛИ**

**1. 12.07.2008 година**

-66 години од формирањето и излегувањето на јадрото на Првиот Струмички партизански одред.

НОСИТЕЛ: Општински одбор на СБМ од НОАВМ во содејство со Комисијата

**2. 14.07.2008 година**
- 64-години од убиството на народниот херој БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО од страна на бугарскиот фашистички окупатор и домашните предавници.

НОСИТЕЛИ: Општински одбор на СБМ од НОАВМ, Локалната установа библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица и Домот за деца и млади "Благој Мучето" од Струмица во содејство со Комисијата.

**А В Г У С Т**

**1. 02.08.2008 година**
ДЕН НА РЕПУБЛИКАТА
- 105 години од Илинденското востание и создавање на Крушевската Република
- 64 година од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и поставувањето темелите на македонската држава

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2. 13.08.2008 година**

- 57 години од убиството на петтемина струмички студенти

НОСИТЕЛ: Комисијата

## С Е П Т Е М В Р И

**1. 08.09.2008 година**

ДЕН НА НЕЗАВИСНОСТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

- 17 години од референдумската определба за независна и суверена Република Македонија

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2. 11.09.2008 година**

- **ДЕН НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА СТРУМИЦА**
- 64 години слободна Струмица

(Поради близината на Денот на независноста на Република Македонија и Денот на ослободувањето на Струмица, одбележувањето на обата датума ќе се реализира според заедничка програма)

НОСИТЕЛ: Комисијата.

## О К Т О М В Р И

**1. 11.10.2008 година**

ДЕН НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

- 67 години од првите востанички истрели во Прилеп и Куманово против фашистичките окупатори.

НОСИТЕЛ: Комисијата

**2. 23.10.2008 година**

ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА БОРБА

НОСИТЕЛ: Комисијата

## Д Е К Е М В Р И

**1. 11.12.2008 година**

ДЕН НА ЗАШТИТНИЦИТЕ НА СТРУМИЦА – СВЕТИТЕ 15 ТИВЕРИОПОЛСКИ СВЕШТЕНОМАЧЕНИЦИ

-1746 години од убиството на 15-темина Христови апостоли во Тивериопол од незнабошците на императорот Јулијан Отстапникот

- 11 години од прогласувањето на Светите 15 Тивериополски свештеномаченици за заштитници на Струмица и воспоставувањето на Општинската годишна награда како највисока општинска награда и признание за остварени резултати и успеси во текот на секоја актуелна тековна година.

НОСИТЕЛ: Градоначалник и Совет на општина Струмица

**2. 31.12. 2008 година**

МАСОВЕН ПРЕЧЕК НА НОВАТА 2009 ГОДИНА НА ПЛОШТАДОТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО СТРУМИЦА

НОСИТЕЛ: Градоначалникот и Комисијата

## III

Покрај настаните од точка II, Локалната самоуправа во текот на годината ќе се вклучи и во одбележувањето на годишнини од раѓањето или смртта на личности кои се земени како патрони на различни институции, како и на настани од историјата на македонскиот народ што ќе бидат одбележувани од други институции и невладини организации.

## IV

## ФИНАНСИСКИ ПЛАН

Финансиските средства за реализација на оваа Програма ќе се обезбедат од Буџетот на општина Струмица во зависност од активностите што ќе бидат реализирани.

Ориентационо за таа намена би биле потребни следните средства:

| **Р. б.** | **Н А С Т А Н И** | **Планирани средства во денари** |
|---|---|---|
| 1. | 04.02.2008 година – 136 години од раѓањето на Гоце Делчев | 10.000 |
| 2. | 26.02.2008 година – 4 години од загинувањето на претседателот Борис Трајковски ………………………………………………………………… | 10.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | 14.04.2008 година-11 години од смртта на писателот Видое Подгорец … | 10.000 |
| 4. | 04.05.2008 година-105 години од убиството на Гоце Делчев | 10.000 |
| 5. | 09.05.2008 година – Меѓународен ден на победата над фашизмот………………………………………………………… | 10.000 |
| 6. | 12.05.2008 година – 66 години од смртта на првоборецот Сандо Масев . | 5.000 |
| 7. | 24.05.2008 год. –" Св.Кирил и Медодиј"………………………………………. | 10.000 |
| 8. | 31.05.2008 година – 136 години од раѓањето на Јане Сандански ……… | 5.000 |
| 9. | 25.06.2008 година – 52 година од раѓаето на Борис Трајковски ……..…… | 10.000 |
| 10. | 12.07.2008 година – 66 години од излегување на јадрото на Првиот струмички партизански одред …………………………………..… | 5.000 |
| 11. | 14.07.2008 година – 64 години од убиството на Благој Јанков Мучето……………………………………………………………………..… | 5.000 |
| 12. | 02.08.2008 година – Ден на Републиката…………………………….… | 10.000 |
| 13. | 13.08.2008 година - 57 години од убиството на петтемина струмички студенти……………………………………………………………………….. | 10.000 |
| 14. | 08.09.2008 година – Ден на независноста на Република Македонија……………………………………………………………….… | 20.000 |
| 15. | 11.09.2008 година – Ден на ослободувањето на Струмица…………………………………………………………….….… | 10.000 |
| 16. | 11.10.2008 година Ден на Народното востание на Македонија…………... | 10.000 |
| 17. | 11.12.2008 година – Ден на заштитниците на Струмица – Светите 15 Тивериополски Свештеномаченици ……………………….…… | 220.000 |
| 18. | 31.12.2008 година – Масовен пречек на Новата 2009 година на Плоштадот ………………………………………………………………..….. | 320.000 |
| | **Вкупно:** | **690.000** |

V

Општинската програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности во 2008 година влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-6218/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со финансиски план

1. Се објавува Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата со финансиски план донесена на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6219/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………..

## 189.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ( " Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патишта со финансиски план**

**1. Вовед**

Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патишта (ОСБСП ) е насочена кон утврдување на сообраќајната превентива и работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Преку спроведување на сообраќајно воспитните акции и манифестации ќе се врши унапредување на сообраќајното воспитување и образование на децата од предучилишните , основните и средните училишта.

Организирањето на сообраќајно воспитните акции и нивното реализирање ќе биде покриено медиумски и преку соодветен печатен пропаганден воспитен материјал. Преку широка соработка и координација во превентивно работење со органите и организациите кои што работат по проблемите на безбедноста на сообраќајот на подрачјето на ОСБСП – Струмица.

Високиот степен на сообраќајна недисциплина и релативно ниското ниво на сообраќајно техничката култура на граѓаните ќе ги детерминираат состојбите.

**2.Активности на унапредување на сообраќајното образование на децата од предучилишните установи, основните и средните училишта**

**а) Активности во предучилишните установи ( детски градинки):**

Бидејќи децата уште од најмала вредност се јавуваат како учесници во сообраќајот-пешаци, возачи на детски велосипеди и други детски превозни средства, под надзор на повозрасните или самостојно, за да можат побезбедно да се вклучат во сообраќајот , потребно е истите да ги добијат најелементарните знаења.

Од страна на ОСБСП Струмица во текот на 2008 година , во соработка со РСБСП на РМ , ќе биде подготвена , организирана и реализирана сообраќајно-воспитна манифестација “ Весел детски семафор” преку издавање на куклени и театарски манифестации, како и со реализирање на сопствени програми за сите деца од сите градинки.

**б) Активности во основните училишта**

Стекнатото сообраќајно воспитание во предучилишните установи, ќе продолжи како надградба и проширување на знаењата од областа на сообраќајот и во основните училишта.

Поради тоа ќе биде подготвена и реализирана сообраќајно-воспитната манифестација “ Детски семафор 2008” на ниво на основни училишта, а потоа и на регионално ниво за општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.

Ќе се изврши подготвување, организирање и реализирање на квиз натпревари од областа на сообраќајот и изготвување на програма за активно вклучување на учениците за учество во сообраќајот преку сообраќајни секции со изработка на униформи, набавка на стоп палки и пиштоли за истите во соработка со РСБСП на РМ.

**в) Активности во средните училишта**

Сообраќајното воспитание и образование на учениците во средните училишта ќе се реализира преку подготвување, организирање и спроведување на сообраќајно-воспитна манифестација “ Сообраќајна култура на маладите 2008 “ и подготвување, организирање и реализирање на квиз натпревар од областа на сообраќајот кои ќе се одвиваат како училишни, регионални и државни натпревари во соработка со РСБСП на РМ.

**г) Активности во населените места**

Во соработка со Сообраќајната полиција ќе се организираат трибини во населените места за запознавање на учесниците во сообраќајот со земјоделски-машини – трактори и запрежни возила со сообраќајните правила и прописи и потребата од унапредување, спроведување и негување на нормативите од областа на сообраќајот.

**2. Активности на планот на сообраќајното уредување**

Во работењето на Советот во 2008 година значајно место ќе заземе и сообраќајното уредување на улиците и патиштата, како еден од најзначајните услови за безбедно и уредно одвивање на сообраќајот, а кои активности ќе опфатат:

- Изготвување на техничка документација за решавање на сообраќајниот режим на раскрсницата “Климент Охридски” и “Братство Единство” ( кај автобуската станица Струмица) и реализирање на истата;
- Детектирање на иницијатива пред надлежните служби во локалната самоуправа за нивно разрешување и
- Покренување на иницијатива пред РСБСП на РМ кои се во надлежност на државните органи и јавните препријатија.
- Покренување иницијатива до надлежните државни органи за промена на местото на сообраќајните знаци-патоказни табли- назив на населено место, за

неселените места: Дабиле и Муртино бидејки со проширувањето тие се веќе внатре во населбите и индустриjските зони, бидејки не ја вршат функцијата за која се наменети.

**3. Соработка и содејствување со други органи и организации при реализирањето на Програмата за 2008 година на Советот на ОСБСП Струмица**

При реализирање на Програмата и на одредени програмски активности за 2008 година ОСБСП Струмица најтесно ќе соработува со РСБСП на РМ, СВР Струмица. Основен суд Струмица, АМД " Стрела" Струмица, Здружението на возачите Струмица, Авто школите, предучилишните и училишните организации на подрачјето.

**4. Пропаганда и маркетинг**

Од страна на ОСБСП Струмица ќе биде прифатен и дистрибуиран веќе изготвен пропаганден материјал од страна на РСБСП на РМ и ќе се соработува со електронските медиуми на локално ниво преку:

- Нивно следење при спроведување на конкретни активности од страна на ОСБСП Струмица;
- Презентирање на апели во јавноста за одредени сообраќајни проблеми;
- Непосреден апел преку медиумите и
- Разни основи

**5. Финансов план за реализирање на Програмата**

Во текот на 2008 година ОСБСП Струмица планира да оствари приходи од 2.540.000,оо денари и тоа:
-Приходи од РСБСП на РМ… 475.000,оо ден.
-Приходи од локална самоуправа ……………….... 50.000,оо ден.
Приходи од дотации……….2.000.000,оо ден. и тоа:

а) Дотации од РСБСП на РМ …………..1.000.000,оо денари
-Дотации од локална самоуправа …….1.000.000,оо денари
-Приходи од донации …………..15.000,оо денари

**Вкупно:……… 2.540.000,оо денари**

**Распоред на приходите, на расходите и тоа:**

- Финансиски средства за редовна работа на ОСБСП Струмица во 2008 година ……………. 105.000,оо денари;

-Финансиски средства за спроведување на сообраќајни-воспитни манифестации ………….. 150.000,оо денари;

-Финансиски средства за спроведување на сообраќајно-воспитни акции ……………………... 85.000,оо денари;

-Финансиски средства за сообраќајно уредување на улици пред училишта, градинки и болници …..200.000,оо денари и

Финансиски средства за решавање на сообраќајниот режим на раскрсницата " Климент Охридски" и " Братство Единство" (кај автобуската станица во Струмица) …………2.000.000,оо денари

---

**Вкупно приходи …… 2.540.000,оо денари**

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ …………….. 2.450.000,оо денари**

**ВКУПНО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ……………. 2.450.000,оо денари**

7. Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 6219/1 Советот на општина Струмица
27.12.2008 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности " Комуналец" Струмица за 2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на

Јавното претпријатие за комунални дејности " Комуналец" Струмица за 2008 година донесен на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6222/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**190.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 29 од Статутот на општина Струмица ( " Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности " Комуналец" Струмица за 2008 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности " Комуналец" Струмица за 2008 година донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр. 02-4859/5 од 14.12.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 6222/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинската установа Дом за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Општинската установа Дом за деца и малди " Благој Мучето " Струмица за 2008 година донесен на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6223/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**191.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Општинската установа Дом за деца и млади " Благој Мучето" Струмица за 2008 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Општинската установа Дом за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2008 година донесена од Управниот одбор на Домот со Одлука бр. 02-88/1 од 17.12.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 6223/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ( "Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (" Сл. гласник на општина Струмица" бр. 5/06 – пречистен текст), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека "Благој Јанков Мучето" Струмица за 2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека "Благој

Јанков Мучето” Струмица за 2008 година, донесен на седница на Советот на општина Струмица , одржана на 27.12.2007 година.

Бр. 08-6224/2 Градоначалник
28.12. 2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

**192.**

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за библиотеките (“Сл. весник на РМ” бр. 66/04) и член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 27.12.2007 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Програмата за работа на Локалната установа библиотека “ Благој Јанков Мучето” Струмица за 2008 година**

1. Се усвојува Програмата за работа на Локалната установа библиотека “ Благој Јанков Мучето” Струмица за 2008 година предложена од Управниот одбор на библиотеката со Одлука бр. 02-163/1 од 19.12.2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во “ Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-6224/1 Совет на општина Струмица
27.12.2007 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.